РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НИКОЛА ПАРАПУНОВ п.о.
Бр. 04-340
22.12 2025 год.
с. Драгобраште Виница

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и („Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Директорот на Општинско Основно училиште „Никола Парапунов“ с. Драгобраште-Виница ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за вработување на административен службеник на неопределено време

1. Кандидатот **Марија Митева,** со идентификациски код C3BACBF, се избира за работното место ОБН 01 02 В01 001 Советник за општи и нормативно правни работи - Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи во ООУ „Никола Парапунов“ с. Драгобраште-Виница.

2. Со избраниот кандидат ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време по конечноста на оваа Одлука.

3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

По добиената Согласност за вработување од Министерството за образование и наука бр.12-3083/3 од 23.05.2025 година и Министерството за финансии бр.19-2251/2 од 19.05.2025 година, Агенцијата за Администрација на ден 11.07.2025 година на својата интернет страница и во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха“ објави јавен оглас бр.747/2025 за вработување на јавен службеник во ООУ „Никола Парапунов“ с. Драгобраште-Виница за работното место ОБН 01 02 В01 001 Советник за општи и нормативно правни работи-Секретар, Одделение за нормативно правни работи, човечки ресурси и општи работи.

Во врска со објавениот оглас бр.747/2025, Комисија за селекција за вработување по јавен оглас која спроведе постапка за административна селекција на ден 30.07.2025 година-Записник бр.10-1776/4 констатира дека има четири уредни и пет неуредни кандидати и во втора фаза од постапката продолжуваат вкупно четири кандидати. На ден 10.12.2025 година во

Просториите на Агенцијата за Администрација се спроведе испит за административен службеник, по што Комисијата за селекција состави записник со број 10-1776/9, по кој се констатираше дека испитот го положиле кандидатите со идентификациски код 13380F9, 316EC46, 9A56D5E и C3BACBF и истите продолжуваат во трета фаза. На ден 19.12.2025 година се спроведе проверка на веродостојност на доказите и интервју, по што Комисијата за селекција состави Записник бр.10-1776/10. Врз основа на резултатите од сите фази на постапката, Комисијата за селекција изготви конечна ранг листа на кандитати од сите фази на селекција за вработување по јавен оглас број 747/2025 и изготви Предлог на кандидатии за вработување бр.10-1776/12 од 19.12.2025 година.

Откако во целост беше спроведена постапката, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, а Директорот на Агенцијата за администрација до училиштето достави Предлог за вработување на кандидат со освоени бодови со бр.10-1776/12 од 19.12.2025 година, за вработување на кандидатот Марија Митева со идентификациски код C3BACBF.

По разгледување на доставената документација од Агенцијата за администрација и Предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас 747/2025, Директорот на ООУ „Никола Парапунов“ с. Драгобраште-Виница изврши избор како во диспозитивот на Одлуката.

**Правна поука**:

Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум (8) дена сметано од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

ООУ „Никола Парапунов“ с. Драгобраште
директор
Димитар Спасов

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Агенција за администрација
- Архива